## ЈАВЕН ПОВИК

### За пријавување на директори на училишта за следење на напредна обука

Согласно Законот за обука и испит за директор на основно училиште, средно училиште, ученички дом и отворен граѓански универзитет за доживотно учење („Службен весник на Република Македонија“ бр. 10/2015, 145/2015, 192/2015, 30/2016, 120/2018 и 140/2018) секој **директор на училиште** со **положен испит за директор** е должен да посетува напредна обука од најмалку 4 семинарски денови (по 8 часа), со вкупно времетраење од 32 часа во текот на годината.

Пријава доставува лице:

- актуелен директор (в.д директор) на училиште,
- со важечко уверение за директор.

Штом ќе се стекнете со овие два услова можете да се пријавите за напредна обука.

Со пријавата задолжително се доставува:

- Копија од Решение за избор/именување за директор;
- Копија од Уверение за положен испит за директор и
- Копија од уплатница за уплатен износ од 10 000 ден за четири обуки (по 2500 денари за секоја обука).

Секој директор во текот на учебната 2023/24 година треба да ги следи законски предвидените обуки, па затоа е потребно да одберете четири од долунаведените теми.

Во пријавата е потребно да ги внесете шифрите од избраните теми (при изборот внимавајте на јазикот на кој се одржува обуката).

| ОБУКИ | Шифра на обука |
|---|---|
| **Финансиско раководење (на македонски јазик)** | FR01 |
| **Финансиско раководење (на албански јазик)** | FR02 |
| **Административно и архивско работење (на македонски јазик)** | AA01 |
| **Инклузивноста – предизвик во училиштата, позитивни практики (на македонски јазик)** | INK01 |
| **Мобинг, психосоцијални аспекти и законска заштита (на македонски јазик)** | MOB01 |
| **Мобинг, психосоцијални аспекти и законска заштита (на македонски јазик со преведувач на албански јазик)** | MOB02 |
| **Воведување на наставен и стручен кадар (приправници) во воспитно образовен процес во основните и средните училишта во РСМ (на македонски јазик)** | PRI01 |

| | |
|---|---|
| **Воведување на наставен и стручен кадар (приправници) во воспитно образовен процес во основните и средните училишта во РСМ (на македонски јазик со преведувач на албански јазик)** | PRI02 |
| **Борба против корупцијата и судирот на интереси во образовниот систем (на македонски јазик)** | KOR01 |
| **Борба против корупцијата и судирот на интереси во образовниот систем ( на албански јазик)** | KOR02 |
| **Дигитална писменост со примена на информатички и компјутерски технологии во наставата и училиштето (на македонски јазик)** | DIG01 |
| **Дигитална писменост со примена на информатички и компјутерски технологии во наставата и училиштето (на албански јазик)** | DIG02 |
| **Стекнување вештини за контрола на квалитетот на оценувањето на знаењето на учениците во училиштата (на македонски јазик)** | OCN01 |
| **Стекнување вештини за контрола на квалитетот на оценувањето на знаењето на учениците во училиштата (на албански јазик)** | OCN02 |

**Напомена:** Редоследот на избраните обуки од ваша страна, не е редослед по кој ќе бидете повикувани на обуките.

**Распоредот за реализација на поединечните обуки, односно Вашиот термин ќе го добиете на маил, па затоа е важно читко и јасно да ги пополните податоците во пријавата.** Обуката за конкретна тема ќе се одржи по пријавување на минимум 20 пријавени лица.

Пријавата со комплетната документација се доставува **ИСКЛУЧИВО ПО ПОШТА** до Државниот испитен центар со адреса: ул. „Васил Ѓоргов“ б.б., 1000 Скопје,.

Директорите за следење на сите четири напредни обуки уплаќаат средства во висина од 10 000,00 денари со уплатница пополнета на следниот начин:.

Цел на дознака: Уплата за следење на напредни обуки на директори.

Назив на примач: Буџет на Република Северна Македонија;

Банка на примач: Народна банка на Република Северна Македонија;

Трансакциска сметка:100000000063095;

Сметка на буџетски корисник: 1600261506 787 16;

Приходна шифра: 723013;

Програма: 30.

Контакт тел: 075 340 963

Со почит,

Државен испитен центар